# ЗА ВИНИЦА ГАРАНТИРАМЕ

7

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Драги Виничани, мои сограѓани,

Ја барам поддршката од сите Вас, чесни луѓе, граѓани на Општина Виница, што сакате да делуваме различно од досега. Ве повикувам заеднички да започнеме да ги менуваме работите. Со моето долгогодишно професионално искуство се чувствувам подготвен за една од најодговорните работни задачи, да се ставам во функција на служење на Вас, граѓаните. Професионално реализиран, со повеќегодишно искуство на одговорни работни задачи во Агенцијата за катастар на недвижности и во работењето на локалната самоуправа, го ставам сиот свој човечки капацитет во служба на мојот град и мојата општина.

Изминативе четири години сведоци сме на континуирано пропаѓање на нашата општина во сите сегменти на живеењето. Виница го изгуби сјајот и не го искористи потенцијалот да биде место во кое граѓаните ќе сакаат да останат да живеат, наместо да се иселуваат. Ја барам Вашата поддршка заеднички да се избориме овој тренд да престане и да креираме општина која ќе биде пример за локален економски развој.

Заедно со мојот тим работевме на реално остварливи проекти и имаме јасна визија за тоа што сакаме да постигнеме во нашиот мандат. Нашите проекции се базираат на знаење и експертиза, на желба и реална основа. Програмата што ви ја нудиме е она што сакаме да го оставиме како наследство на идните генерации, да се впишеме во историјата на нашата општина како градители и обединувачи, како креатори на модерна и просперитетна Виница.

Мои сограѓани би сакал да дадам краток осврт на визијата за развој на Општина Виница. За една општина да ги има атрибутите на модерна и развиена, пред се треба да биде  прав сервис на граѓаните и локалната економија. Локалните институции да се ефикасни во своите надлежности,  услугите за кои плаќаат граѓаните да бидат возвратени на највисоко ниво, а тоа ќе го постигнеме само со вистински  луѓе на вистински места. Во мојата визија за Виница, општина на 21 век, нема место за непотизам, клептократија и клиентелизам.

Освен тоа што во изминативе години не се искористи огромниот природен, културен и економски потенцијал на Виница, нашата општина за прв пат се соочи со досега невидено уништување и загадување на животната средина како основен потенцијал за развој. Еден од столбовите на кои се базира нашата програма е враќањето на еколошки здрава и чиста животна средина како основно човеково право.

Акцентот во нашата програма ќе биде ставен на туризмот затоа што Општина Виница има потенцијал за развој на бањскиот и планинскиот туризам,но и на  донесување на урбанистички планови за град Виница, населените места и планови за вон населените места за повеќе градежни парцели за семејно домување како и  за стопанството и викенд куќи.

Време е Виница да одбере реални проекти наместо празни ветувања, способни и исполнителни личности наместо оние кои ги ставаат личните интереси пред Вашите. Јас и мојот тим се обврзуваме дека нема да потпаднеме под било какви притисоци и нема да се откажеме од нашата визија за подобра и попросперитетна Виница, Виница за сите!

Ваш,

Миле Петков

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА ВИНИЦА

**ВМРО ДПМНЕ** е партија за сите граѓани на Република Македонија. Во својата четиригодишна програма за локалните избори 2021 ќе се заложиме за:

- Воспоставување на механизми и алатки за унапредена инклузивност и вклученост на граѓаните во работата на општината, непречено консултирање преку веќе воспоставените механизми (референдум, граѓанска иницијатива, собир на граѓани, јавни форуми и дебати) и преку користење на е-алатки, како и поголемо информирање на граѓаните преку активна транспарентност и објавување на сите информации на веб страницата и социјалните медиуми;
- Јакнење на капацитетот на администрацијата, јавните претпријатија и институциите за соработка со граѓанскиот сектор и граѓаните, воспоставување механизам за соработка и финансиска поддршка за проекти на здруженијата на граѓани и обезбедување на социјална/меѓуетничка кохезија особено меѓу младите преку спроведување заеднички активности; континуирана соработка со бизнис секторот во поглед на редовни состаноци, реализација на нивни идеи и бизнис планови;
- Воспоставување редовна практика на мерење на задоволството на граѓаните од општинските услуги преку анкети;
- Длабинска анализа на капацитетите на вработените во општината, институциите и јавните претпријатија за управување со јавни финансии и планирање на ликвидноста на буџетите;
- Целосна интегрална внатрешна контрола и ревизија на јавните средства;
- Понатамошно унапредување на фискалната транспарентност и инклузивност на процесот на буџетирање и креирање на општинските годишни програми и стратегии.;

Во својата Програма која ја поделивме на неколку поглавја, **ВМРО-ДПМНЕ** за општина Виница ќе вложи огромен труд, средства и човечки и интелектуален капацитет за развој на сите овие компоненти.

## ИЗГРАДБА НА НОВА ИНДУСТРИСКА ЗОНА ЗА МАЛО СТОПАНСТВО ВО М.В. ПОПОВЕЦ

Целта на овој проект е привлекување на странски и домашни инвеститори.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ИЗГРАДБА НА НОВА АВТОБУСКА СТАНИЦА

Предвидена е изградба на нова автобуска станица во Виница, на нова локација во согласност со ДУП.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/приватен инвеститор.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ИЗГРАДБА НА НОВ БУЛЕВАР

Со изградбата на нов булевар ќе се подобри сообраќајната инфраструктура на влезот во Виница и ќе се зголеми безбедноста на учесниците во сообраќајот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ОФОРМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ЗА ИНДИВИДУАЛНО ДОМУВАЊЕ

Со оформувањето на градежни парцели за индивидуално домување по почетна цена од 1 евро/м2 во м.в. Дива Топола ќе се овозможат евтини градежни парцели за изградба на индивидуални домови на граѓаните на Општина Виница.

**Извор на финансирање:**Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПОВРЗУВАЊЕ НА ГРАДСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА СО СЕЛАТА ИСТИБАЊА, ЈАКИМОВО, ГРАДЕЦ И ЛЕСКИ И НИВЕН ПРИКЛУЧОК СО ПРЕЧИСТИТЕЛНАТА СТАНИЦА ВО СЕЛО МОЈАНЦИ

Целта на проектот е подобрувањето на квалитетот а животната средина и чиста вода за наводнување.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/Меѓународни финансиски институции/во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ИЗГРАДБА НА ТУРИСТИЧКА И ВИКЕНД НАСЕЛБА ВО М.В. МАРИНКОВО НА ПЛАЧКОВИЦА

Со реализација на овој проект Општина Виница ќе добие атрактивна туристичка и викенд населба. Во рамките на проектот е предвидена и рехабилитација на патот кај село Градец во м.в. Маринково. Со истиот ќе се овозможат услови за развој на планинскиот рекреативен туризам.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## КОНЕЧНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗАТВОРЕН ГРАДСКИ ПАЗАР

Со реализација на проектот Општина Виница ќе добие Градски пазар според сите современи светски стандарди.

**Извор на финансирање:**Буџет на општина.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## УРЕДУВАЊЕ НА РЕЧНИТЕ КОРИТА НА ВИНИЧКА И ГРАДЕЧКА РЕКА

Проектот предвидува урбанизирање на речните корита и намалување на негативното влијанието од климатските промени и подобрување на животната средина.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина/централна власт.

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ПРОМОЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА СПА КОМПЛЕКСОТ ВО М.В. ТОПЛИЧКИ РИД ВО БЛИЗИНА НА СЕЛО ИСТИБАЊА

Со промоцијата на проектот за изградба на СПА комплексот во м.в. Топлички Рид во близина на село Истибања ќе се овозможи привлекување на инвеститори за изградба на бањски и рекреативен комплекс.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина.

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## НАБАВКА НА СОВРЕМЕНО ПРОТИВПОЖАРНО ВОЗИЛО И ОПРЕМА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ТППЕ „ВИНИЦА“

Со набавката на ново и современо противпожарно возило и опрема за потребите на ТППЕ „Виница“ ќе се подигне техничката опременост на противпожарната служба и ќе се зголеми безбедноста на граѓаните во Општина Виница.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.



# 3. ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

## I. ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

Како ВМРО-ДПМНЕ се обврзуваме дека во наредните четири години ќе дадеме целосна поддршка на иновациите и претприемништвото. Ќе ги подобриме  локалните услови за водење бизнис и поддршка на МСП. Воедно ќе се залагаме за донесување на Локална стратегија за промоција на странски инвестиции и ќе посветиме големо внимание на давањето на поддршка на занаечиството и малите локални бизниси.

### ИЗРАБОТКА НА ВОДИЧ ЗА ИНВЕСТИТОРИ

Овој водич ќе ги содржи сите податоци и поволности што ги нуди Општина Виница за инвестирање и развој на локалната економија.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

### СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Предвидена е изработка на нова Стратегија за локален економски развој со јасно дефинирани активности и насоки за дејствување, кои во наредниот период ќе бидат целосно реализирани. Ажурирање на податоците во неа и нејзина реализација.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ПОДДРШКА НА МЛАДИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО

Предвидена е поддршка на младите за развој на претприемничкиот дух преку организирање на трибини, обуки, саеми и помош при аплицирање за користење на средства од меѓународните фондови.Младите, несомнено, имаат потреба од поддршка и размена на искуства неопходни за постигнување на позитивни резултати и успеси во приватниот сектор.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## II. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА – SMART CITY

Информациско–комуникациските технологии денес се есенцијална алатка во секојдневниот живот на граѓаните. Затоа, од особена важност е пристапот до ИКТ да биде овозможен и поддржан за сите граѓани, без разлика на нивното место на живеење, познавања за ИКТ, возраст, образование, финансиски средства итн. Следењето на светските трендови се јавува како императив. За реализација и остварување на конкретен информатички развој неопходни се континуирани инвестиции во набавка и осовременување на информатичката структура.

### ДИГИТАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Со проектот се планира воведување на бесплатно достапен јавен Wi-Fi, проширување на оптичката мрежа и инсталации низ целата Општина Виница.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ - ДИГИТАЛНА ОПШТИНА

Проектот е замислен како „open data систем, твој документ – наша работа, и ти си дел од процесот“. Со истиот ќе им се овозможи на граѓаните на Општина Виница брза и ефикасна достапност по електронски пат на сите потребни документи и информации од општината.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ЕЛЕКТРОНСКА НАПЛАТА НА ДАНОК

Сервис за електронска проверка на даночни задолженија на физички и правни лица. Воведување на модул со можности за преглед и плаќање преку е-платформи за даноци, како и сервис за пријавување на проблеми и жалби при даночните постапки. Сето ова води кон поедноставување на испораката на услугите, подобрување на нивниот квалитет, како со физичкиот така и со електронскиот пристап за граѓаните. Воедно се зајакнува и фискалната дисциплина, без зголемување на давачките.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## Е - ОПШТИНА

Воведување на систем кој ќе овозможи во секое време од денот, преку интернет порталот на општината или компатибилно мобилно решение, да се пријави комунален проблем кој општинските служби ќе се обидат да го решат или да ги информираат граѓаните до каде е решавањето на проблемот во најкраток можен рок.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## СИСТЕМ ЗА ДИГИТАЛНО УПРАВУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ

Воведување на систем за дигитализација на општинските услуги и сите административни процеси, кој ќе овозможи навремено и квалитетно завршување на обврските на граѓаните и работните задачи на администрација.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.





# 4. МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТРУКТУРА

Современата инфраструктура е основа за развој и привлекување на инвестиции на локално ниво, а добрата сообраќајна поврзаност претставува нејзин значаен елемент. Ефикасната и сигурната патна инфраструктура ја олеснува и поттикнува мобилноста на луѓето и стоките, ја надминува ограниченоста на локалните пазари и создава основа за рамномерен регионален развој. Инвестирањето во патната инфраструктура значи инвестирање во безбедноста, времето, достапноста и економскиот развој на општината. Можноста за непречено комуницирање и пренос на стока и добра по солидна инфраструктура е наша обврска.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СЕЛО БЛАТЕЦ – ГОРНА ОСОЈНИЦА

Овој локален патен правец е во многу лоша состојба и е еден од најважните делници на тој дел на општината. Со неговата реконструкција се решава овој долгогодишен проблем на жителите на Општина Виница.

**Извор на финансирање:**Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ТРСИНО - ГОЛАК

Ставањето во функција и на овој патен правец е од големо значење за населението на Општина Виница.

**Извор на финансирање:**Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВИНИЧКА КРШЛА – РЕГИОНАЛЕН ПАТ ЗА КАЛИМАНЦИ

Со рехабилитацијата на локалниот пат Виничка кршла, ќе се подобри патната инфраструктира на регионалниот пат за Калиманци.

**Извор на финансирање:**Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

### РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ МААЛО БРБОЛЌОВЦИ - МААЛО БОБИИ, СЕЛО ДРАГОБРАШТЕ

Проектот предвидува рехабилитација на локалниот пат Маало Брболќовци – Маало Бобии кај село Драгобраште со што ќе се олесни и подобри патната инфраструктура.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

### ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ МАЈСТОРЦИ – ПЕТРЕВЦИ, СЕЛО ГРЉАНИ

Проектот предвидува изградба на локален пат кај Мајсторци – Петревци, кај село Грљани со кој ќе им се олесни патната инфраструктура на жителите од овој крај на Општина Виница.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

### ИЗГРАДБА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ОПШТИНА ВИНИЦА

Проектот предвидува изградба на вториот дел од атмосферската канализиција и трајно решавање на проблемот на поплавување на коловозните ленти и куќите од тој дел од градот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА „ТОШО АРСОВ“

Со реконструкцијата на Домот на културата „Тошо Арсов“ во Општина Виница, ќе се овозможи граѓаните да добијат пристоен културно-уметнички центар во градот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / централна власт.

**Рок на реализација:** 2023 година.

### РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОШИРУВАЊЕ НА ГРАДСКИОТ МУЗЕЈ „ТЕРАКОТА“

Со проектот е предвидена реконструкција и проширувањето на градскиот музеј „Теракота“ во Општина Виница со цел подобрување на условите за развој на музејската дејност.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ИЗМЕНА НА ГЕНЕРАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ОПШТИНА ВИНИЦА

Со измената на Генералниот урбанистички план на Општина Виница ќе се изведе сообраќајно решение за изградбата на кружни текови на најфреквентните сообраќајници.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ПАРКИНГ ПРОСТОРОТ ВО ВИНИЦА

Проектот предвидува изградба на современ паркинг простор на местото на постоечката автобуска станица.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ ВО ВИНИЦА

Проектот предвидува асфалтирање на следните улици во Виница: улица „Борис Кидрич“, улица „Гоце Делчев“, улица „Стив Наумов“, улица „Раде Кончар“, улица „Илинденска“, улица „Пролетерска“, улица „Раде Кратовче“, улица „Кочо Рацин“, улица „Ванчо Китанов“, улица „Славчо Стоименски“, улица „Плачковички одреди“, улица „Кирил и Методиј“, улица „Никола Карев“, улица „Ванчо Прке“, улица „Македонска“, улица „Иво Лола Рибар“, улица „Ангел Винички“, улица „Климент Охридски“, улица „М.М.Брицо“ и улица „Младинска“.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ПРОБИВАЊЕ НА НОВО ПРОЕКТИРАНИ УЛИЦИ

Проектот предвидува пробивање на ново проектирани улици во Општина Виница.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА

Проектот предвидува асфалтирање на следните улици во населените места:  село Истибања, село Блатец, село Градец, село Јакимово, село Црн камен, село Лески, село Трсино, село Трстија, село Грљани, село Драгобраште, село Крушево и село Виничка Кршла.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

### ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦИ

Проектот предвидува поплочување(бекатон) на улиците во Виница, Истибања, Градец, Трсино, Лески, Блатец, Јакимово, Калиманци, Трстија, Драгобраште, Лаки.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

### УРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ

Проектот предвидува уредување на тротоарите на улиците „Кеј 30-ти Август“, „Никола Карев“, „Јане Сандански“, „Илинденска“, на влезот во село Јакимово, на влезот во село Истибања.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКАТА ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА НА БУЛЕВАР „МАРШАЛ ТИТО“

Проектот предвидува реконструкција на постоечката велосипедска патека на булеварот „Маршал Тито“ и нејзино продолжување.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2024 година.

### ИЗГРАДБА НА ПОТПОРНИ ЅИДОВИ

Проектот предвидува изградба на потпорни ѕидови на улиците „Ванчо Прке“, „Јане Сандански“, „Партизанска“, „4-та Мак бригада“, „Вера Јоциќ“, село Липец и село Истибања.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 - 2025 година.

### ДОИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ВО НОВА НАСЕЛБА - ГРАДЕЦ

Проектот предвидува доизградба на локалниот пат во Нова Населба - Градец.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

### ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СИТЕ ПРЕОСТАНАТИ БЛОКОВИ

Проектот предвидува изработка на Детален урбанистички план за сите преостанати блокови во Општина Виница.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ИЗРАБОТКА НА УПС

Проектот предвидува изработка на УПС за село Истибања, село Блатец, село Градец, село Лески, село Трсино и село Лаки.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНО ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА КАЈАНЕЧКИ ДОЛ

Проектот предвидува изработка на проектно техничка документација за Кајанечки Дол во село Истибања.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНО ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ СКАРАНИЦА – БЛАТЕЦ

Проектот предвидува изработка на проектно техничка документација за регионалниот пат Скараница – Блатец.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 - 2025 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА ВО ВИНИЦА

Проектот предвидува реконструкција на водоводната мрежа на улиците „11 Октомври“, „Маршал Тито“, „Македонска“, „Христо Узунов“, „Глигор Прличев“ и „Партизанска“.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 - 2024 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА ВО СЕЛО БЛАТЕЦ, СЕЛО ЈАКИМОВО, СЕЛО ЛАКИ И СЕЛО ГРЉАНИ

Проектот предвидува реконструкција на водоводната мрежа во село Блатец, село Јакимово, село Лаки и село Грљани.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 - 2024 година.

## ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА

Проектот предвидува изградба на канализациона мрежа над Турско маало.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ДОВРШУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА

Проектот предвидува довршување на канализациската мрежа во село Трсино, село Лески, село Градец и село Лаки.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

## ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА

Проектот предвидува изградба на канализациска мрежа во Липец и Трстија.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.



# 5. МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

Проектите имаат за цел да ги подобрат просторните услови во училиштата со што би се дало придонес во обезбедувањето на квалитетна настава и креирање на можности за унапредување на воспитно-образовниот процес, создавање на млади кадри кои ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот и развој на здрава психо-физичка личност што ги претставува основните приоритети на локалната самоуправа во областа на образованието.

### МОДЕРНА ОБРАЗОВНА ИНФРАСТРУКТУРА И СОВРЕМЕНИ УСЛОВИ ЗА УЧЕЊЕ.

Модернизација на сите училишта согласно ЕУ стандарди и подобрување на условите за учење.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

### ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ.

Стипендии за ученици и студенти од социјално загрозените семејства.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ИЗГРАДБА НА СПОРТСКА САЛА ВО ОУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“.

Со изградбата на спортската сала во ОУ „Гоце Делчев“ конечно ќе се реши проблемот со изведување на настава по физичко образование.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

### ИЗГРАДБА НА ТЕРМОИЗОЛАЦИОНИ ФАСАДИ И ПОСТАВУВАЊЕ НА СОЛАРНИ ПАНЕЛИ ВО УЧИЛИШТАТА.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2022 - 2025 година.

- **ПАРНО ГРЕЕЊЕ ВО ПУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ИСТИБАЊА И ЈАКИМОВО И ОУ „НИКОЛА ПАРАПУНОВ“ – ДРАГОБРАШТЕ.**

  **Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

  **Рок на реализација:** 2023 - 2024 година.

- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРОВОТ ВО ПУ „СЛАВЧО СТОИМЕНСКИ – ЛЕСКИ“ И ОУ „НИКОЛА ПАРАПУНОВ“ – ДРАГОБРАШТЕ.**

  **Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

  **Рок на реализација:** 2023 година.

- **УРЕДУВАЊЕ НА ДВОРОТ ВО ПУ „СЛАВЧО СТОИМЕНСКИ – ЛЕСКИ“.**

  **Извор на финансирање:** Буџет на општината.

  **Рок на реализација:** 2022 година.

- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРОВОТ И ФАСАДАТА НА МЕТАЛНАТА ПРИ СОУ „ВАНЧО ПРКЕ“.**

  **Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

  **Рок на реализација:** 2023 година.

- **ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ ЗА СТУДЕНТИ ОД СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ СЕМЕЈСТВА.**

  **Извор на финансирање:** Буџет на општината/приватни донатори.

  **Рок на реализација:** Континуирано.



# 6. ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

Со цел поголема афирмација на општината преку промоција на нашите позитивни вредности во меѓународни рамки,но и со пристапот на размена на искуства преку продолжување и проширување на соработката со општини од соседните европски земји, можеме да ја приближиме Општина Виница до европските стандарди, а со тоа и да го подобриме локалниот економски развој.

## ВОСПОСТВУВАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ПРАКТИКИ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ВРЕДНОСТИ

Јакнење на капацитетите на граѓанските организации со цел аплицирање за ЕУ проекти и интензивирање на соработката со ЕУ преку воспоствуање на ЕУ локални информативни центри.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ОПШТИНИ ОД ЕУ

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 7. ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Заштитата и унапредувањето на животната средина и природата е едно од основните права, но и обврски на граѓаните на Република Македонија. Заштитата на животната средина претставува еден од врвните приоритети со кои сакаме да постигнеме не само заштита на природата, туку пред се одржливо користење на природните ресурси на Македонија и одржлив економски развој.

- **ВОВЕДУВАЊЕ НА КОНЦЕПТ НА ЗЕЛЕНА И ЧИСТА ОПШТИНА**

  (зелена архитектура, изградба на центри за управување со отпад, воведување на концептот на циркуларна економија преку паметно управување со отпадот и материјалите, целосен третман на отпадните води).

  **Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции.

  **Рок на реализација:** 2024 година.

- **РЕДОВНО ЧИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ДЕПОНИЈАТА ВО СЕЛО ЛЕСКИ СЕ ДО НЕЈЗИНА ДИСЛОКАЦИЈА.**

  **Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

  **Рок на реализација:** 2022 – 2025 година.

- **ДИСЛОКАЦИЈА НА ДЕПОНИЈАТА ВО СЕЛО БЛАТЕЦ.**

  **Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

  **Рок на реализација:** 2025 година.

- **УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ОКОЛУ ТРСИНСКА И БЛАТЕЧКА БРАНА.**

  **Извор на финансирање:** Буџет на општината.

  **Рок на реализација:** 2023 година.

### ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

Енергетско ефикасна фасада на административната зграда на Општина Виница.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ПОСТАВУВАЊЕ НА КОНТЕЈНЕРИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА ЗА ОТПАД.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2023 година.

### РЕДОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ХИГИЕНА ВО ГРАДОТ И НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.

### ИЗРАБОТКА НА ПЛАН ЗА КВАЛИТЕТЕН ВОЗДУХ, „AIR QUALITY PLAN“.

Планот ќе содржи регистер на загадувачи:

- количества на согорени горива на годишно ниво;
- мерки за намалување на загадувањето во општината;
- реализација на предвидените мерки од планот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.

### ПОСВЕТЕНО АНГАЖИРАЊЕ И КОМПЛЕТНА ОДГОВОРНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО НА ЛОКАЛНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.

### СОБИРАЊЕ НА КАБАСТ ОТПАД ОД ДОМАЌИНСТВАТА.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.

- **ПРИМАРНА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД ОД ДОМАЌИНСТВАТА И ИНДУСТРИЈАТА И ПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА РЕДОВНО СОБИРАЊЕ НА ОТПАДОТ (МЕШАН И СЕЛЕКТИРАН).**

  **Извор на финансирање:** Буџет на општината.

  **Рок на реализација:** Континуирано.

- **ОТСТРАНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ДИВИ ДЕПОНИИ, ЃУБРИШТА И СМЕТИШТА, А НИВНОТО НАТАМОШНО СОЗДАВАЊЕ ЌЕ БИДЕ РЕГУЛИРАНО (СПРЕЧЕНО), ПРЕКУ КРЕИРАЊЕ НА ТАРИФНИК ЗА НАПЛАТА НА УСЛУГА.**

  **Извор на финансирање:** Буџет на општината.

  **Рок на реализација:** Континуирано.

- **РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА УРБАНОТО ЗЕЛЕНИЛО И ПОВТОРНО ВОВЕДУВАЊЕ НА ДЕНОТ ЗА ЗАСАДУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ.**

  **Извор на финансирање:** Буџет на општината.

  **Рок на реализација:** Континуирано.



# 8. МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

Имајки ја во предвид големата улога што ја има туризмот во локалниот економски развој, општините својата економска плодност се повеќе ја препознаваат во збогатувањето на туристичката понуда и подигнување на стандардите за квалитет во овој сектор.

- **Е-МААП (КРЕИРАЊЕ НА ТУРИСТИЧКА АПЛИКАЦИЈА)**

  **Извор на финансирање:** Буџет на општината.

  **Рок на реализација:** 2022 година.

- **ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ**

  **Извор на финансирање:** Буџет на општината.

  **Рок на реализација:** Континуирано.



# 9. СПОРТ, МЛАДИ, КУЛТУРА

Досегашната пракса на инвестирање и создавањето на услови за спортување на сите генерации, постојано се докажува како највредна инвестиција корисна за сите генерации. Преку изградбата и реконструкцијата, опремувањето на спортските сали, фудбалските и тениските игралишта, организирањето и субвенционирањето на голем број на спортски настани, поддршката на спортските таленти, директно придонесуваме за правилен психо-физички развој на децата, професионалците и гостите кои ги посетуваат овие содржини.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА СПОРТСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА СПОРТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ

Реконструкција на постоечките спортски објекти и градење на нови спортски центри за различни спортови.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината во соработка со меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ИЗГРАДБА НА СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ НА В.С.БАТО.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГРАДСКИ СТАДИОН.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/во соработка со централна власт.

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИТЕ СПОРТСКИ КЛУБОВИ

Со цел афирмирање и унапредување на спортот и развивање на спортскиот дух на младите Општина Виница во иднина ќе ја зголеми поддршката на локалните спортски клубови. Исто така ќе поддржи и организирање на спортски натпревари и турнири кои ќе се оддржуваат на територијата на општината.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 – 2025 година.

### ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ФК СЛОГА И ОСТАНАТИТЕ ЛОКАЛНИ И УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ КЛУБОВИ.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 – 2025 година.

### ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ЧУПИНО ТРЕИЛ.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 – 2025 година.

## РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ВО СЕЛО

### ИГРАЛИШТЕ ЗА БАСКЕТ ВО СЕЛОТРСИНО.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2023 година.

### ИЗГРАДБА НА СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО СЕЛО ЛЕСКИ.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКИТЕ ИГРАЛИШТА ВО СЕЛО БЛАТЕЦ, СЕЛО ГРАДЕЦ, СЕЛО ПЕКЛАНИ И НОВА НАСЕЛБА.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 – 2025 година.

### НЕГУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Поддршка на културни настани и манифестации, поддршка на локалните културни друштва и отворање на едукативни центри за култура

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.

- **ФИНАНСИСКА ПОДРШКА НА: ИН ВИНИЦА ВЕРИТАС, ФА КИТКА И ИСТИБАНСКО ЗДРАВОЖИВО, ТОДОРОВИ ТРКИ.**

  **Извор на финансирање:** Буџет на општината.

  **Рок на реализација:** Континуирано.

- **ПРОЕКТ: „РЕОТКРИВАЊЕ НА ВИНИЦА“.**

  Проектот предвидува употреба на нови технологии во промовирањето на културното наследство на Виница:

  - Интегриран информациски менаџментски систем за управување со информациите за археолошките локалитети во Виница и виничко (Виничко Кале, Горица, Коколов Рид);
  - Комплетно нов интерактивен музеј, со најсовремена опрема за интеракција со посетителите и можности за виртуелни посети;
  - Утилизација на археолошкиот локалитет Виничко Кале со промена на досегашниот концепт од „мртво“ во „живо“ културно наследство;
  - Летни школи и кампови за истражување и размена на искуства.

  **Извор на финансирање:** Буџет на општината.

  **Рок на реализација:** Континуирано.

- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КУЌАТА НА ЌАЗИМ БЕГ И ОТВОРАЊЕ НА НОВ ЛОКАЛЕН ИСТОРИСКИ И ЕТНОЛОШКИ МУЗЕЈ.**

  **Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

  **Рок на реализација:** 2023 – 2024 година.



# 10. СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Социјалната заштита претставува основен императив на политиките на секоја општина со цел создавање на услови за инклузивно и кохезивно општество преку унапредување на положбата на ранливите групи во локалниот контекс на заедницата. Континуитетот во насока на подобрување и унапредување на здраствената заштита на граѓаните претставува наша основна цел.

### АДАПТАЦИЈА НА ДОМОТ НА МЗ ВО СЕЛО ТРСИНО ВО ПЕНЗИОНЕРСКИ КЛУБ.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

### ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКА СЛУЖБА ЗА ПОМОШ НА СТАРИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.

### ОТВОРАЊЕ НА ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО СЕЛО ЈАКИМОВО.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2023 година.

# 11. ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

- Субвенции за набавка на велосипеди;
- Уредување и одржување на просторот кај Свет крст;
- Изградба на конзолна пешачка патека на мост на влезот во село Јакимово;
- Изградба на  теретана на отворено;
- Реконстукција на центарот во село Истибања;
- Решавање на проблемот со бездомни кучиња;
- Субвенции до 50 % од вредноста за ископ на бунари или бушотини за вода за регистрирани земјоделци;
- Санирање на дел од постоечките системи за наводнување.

vmro-dpmne.org.mk

sozdadinovaidnina.mk